Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11, 55/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.239/22), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува финансирањето на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што се финансираат со средства од Буџетот на Општина Гази Баба.

## СРЕДСТВА

**Член 2**

Средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се утврдуваат во Буџетот на Општина Гази Баба.

Минималниот и максималниот износ за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се утврдува во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба.

## КОНКУРС

**Член 3**

Финансирањето на проекти на здруженија на граѓани и фондации се врши врз основа на конкурс што го распишува Градоначалникот на Општина Гази Баба во тековната буџетска година.

Конкурсот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации трае 15 дена за тековната година, а се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

## ОБЛАСТИ

**Член 4**

Општина Гази Баба ќе обезбеди средства за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес од следниве области: граѓанско општество и демократизација, човекови права, култура, здравство, социјално-хуманитарна работа, информации, спорт, млади, образование, екологија и меѓународна соработка.

## УЧЕСТВО

### Член 5

На конкурсот може да учествуваат здруженија на граѓани и фондации што вршат дејност од областите во членот 4 на овој правилник, чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Град Скопје, а проектните активности ги вршат во Општина Гази Баба.

## ДОКУМЕНТИ

### Член 6

Здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на конкурсот треба да достават:

- Пријава за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации,
- Проектна пријава на здруженија на граѓани и фондации,
- Доказ за регистрација на здружението на граѓани и фондацијата во надлежниот орган, и
- Извештај за добиените средства од Општина Гази Баба во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација.

Пријавата за финансиска поддршка и проектната пријава се составен дел на овој правилник.

Пријавата за финансиска поддршка и проектната пријава ќе бидат објавени на веб страницата на Општина Гази Баба.

## РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

### Член 7

Пријавите треба да се достават до Општина Гази Баба преку пошта на адреса "Општина Гази Баба, ул."Архимедова" бр.2, 1000 Скопје" или со предавање во писарницата на Општина Гази Баба од 08 часот до (заклучно со) 16 часот последниот ден од конкурсот.

## ИЗБОР НА ПРОЕКТИ

### Член 8

Изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес го врши градоначалникот на предлог на комисија составена од претседател и четири члена, која се именува и разрешува со решение на Градоначалникот.

Комисијата изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации го утврдува во рок од 60 дена од последниот ден на конкурсот.

Програмата за распределба на средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации на предлог на Градоначалникот, ја донесува Советот на Општина Гази Баба.

Програмата за распределба на средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се објавува во "Службен гласник на Општина Гази Баба" и на веб страницата на Општина Гази Баба.

Одлуката за избор на здруженијата на граѓани и фондации за активностите што се одржуваат во Општина Гази Баба на кои им се дава финансиска поддршка со висина на одобрените средства, ќе биде јавно објавена на веб страницата на Општина Гази Баба.

## ОТФРЛАЊЕ НА ПРИЈАВИ

**Член 9**

Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на конкурсот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

Материјалите доставени со пријавите на конкурсот не се враќаат.

## ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНИ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 10**

(1) По конечноста на Одлуката, Општина Гази Баба и избраните корисници склучуваат Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности.

(2) Договорот во име на Општина Гази Баба го склучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 11**

Договорот престанува да важи ако:

(1) со одлука на суд или друг државен орган на Корисникот му е изречена забрана за вршење на дејноста, или изречена казна затвор од најмалку шест месеци;

(2) по писмено барање на корисникот; и

(3) непочитување на обврските од Договорот.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИЕНИ СРЕДСТВА

**Член 12**

По завршувањето на проектот секое здружението на граѓани и фондација кои добиле средства од Буџетот на Општина Гази Баба, должни се да достават извештај за користењето на средствата до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за финансирање на проекти за здруженија на граѓани и фондации од локален интерес ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/11, 13/20, 1/22 и 2/22).

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/16**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА * СКОПЈЕ * 2